**ПРАШАЊЕ И ОДГОВОР**
**поврзани со**
**Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Македонија**

**22.8.2017 година**

**Прашање: Кој е првиот извештаен датум за образецот ССПЗСК и дали банката е должна да го пополни и да го достави образецот ССПЗСК до Народната банка на Република Македонија и тогаш кога Народната банка на Република Македонија не објавила стапки на противцикличен заштитен слој на капиталот?**

**Одговор:** Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/17) е во примена од 1 јули 2017 година. Согласно со главата V од оваа Одлука, првиот извештаен датум за кој треба да се достави Извештајот за утврдување на специфичната стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот (образец ССПЗСК) е 30 септември 2017 година, а банката треба да го достави Извештајот во рок од петнаесет работни дена по датумот за кој се известува. Банката е должна да го пополни и да го достави образецот ССПЗСК до Народната банка и тогаш кога Народната банка не објавила стапки на противцикличен заштитен слој на капиталот (било за изложеностите кон Република Македонија било за изложеностите кон некоја друга земја). Во овој случај, во Извештајот се наведуваат земјите и капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик за изложеностите кон соодветната земја (колони бр. 2 и 3 од Извештајот), а во колоната бр. 4 од Извештајот се внесува 0%.